Врз основа на член 15, став 4 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на РМ", бр. 47/06), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК

## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДАНОЧНИТЕ ПОТТИКНУВАЊА КАЈ ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ (ДДВ) ЗА ДОНАЦИИТЕ ВО ЈАВНИТЕ ДЕЈНОСТИ

### Член 1

Со овој правилник се уредува спроведувањето на даночните поттикнувања кај данокот на додадена вредност (ДДВ) за прометот на добра и услуги извршени за реализација на донацијата.

### Член 2

Даночните поттикнувања се остваруваат со обезбедување средства од Буџетот на Република Македонија за плаќањето на ДДВ за прометот во земјата искажан во фактурите за реализирање на проекти од член 1 на овој правилник.

### Член 3

(1) За обезбедување средства од Буџетот на Република Македонија за плаќање на ДДВ се доставува поднесок до Министерството за финансии - Сектор за даночен и царински систем.

(2) Со поднесокот од став 1 на овој член се приложуваат следните документи:

1. Барање за обезбедување средства од Буџетот на Република Македонија за плаќање на на ДДВ за прометот на добра и услуги во земјата за проекти од јавен интерес финансирани со парични средства од донациите во јавните дејности, кое се поднесува на образец АЗ-Д, даден во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник и кој се доставува во два примерока.
2. Фактура во оригинал за извршениот промет од вршителот на прометот, во која треба да се внесе името под кое е регистриран проектот со назначување и на името на имплементарот на проектот, а износот на ДДВ да е искажан во денари.
3. Копија од потврдата за регистрација на проектот од Секретаријат за европски прашања при Владата на Република Македонија.

### Член 4

Износот на пресметаниот ДДВ во фактурата за прометот во земјата при реализирање на проекти од член 1 на овој правилник се уплатува со налог за јавни приходи (Образец ПП-50) на Трезорска сметка 100000000063095 - Народна банка на Република Македонија, уплатната сметка 840 - (ознака на општината) - 02902, цел на дознака: ДДВ по основ на донации, приходна шифра: 714119, согласно со Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи.

**Член 5**

(1) За остварување на ослободувањето од данокот на додадена вредност на надоместоците за комуникациска услуга која се користи за донирање согласно членот 15 став 3 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности, се користат поединечни броеви од форматот на броеви за услуги со посебна цена на чинење на повикот кон тие броеви според Планот за нумерација на јавните комуникациски мрежи и услуги на Република Македонија и тоа:

а) негеографски броеви од серијата 05 за оператори на јавни електронски комуникациски мрежи, даватели на јавни електронски комуникациски услуги и даватели на услуги и

б) серија на броеви за посебни услуги, со почетни две цифри 14.

(2) Правото на одбивка на претходниот данок, согласно Законот за данокот на додадена вредност, се остварува само за оној дел кој отпаѓа на надоместокот за комуникациската услуга од став 1 на овој член.

(3) Доколку надоместокот за комуникациска услуга е платен во бруто износ на корисникот на услугата му припаѓа износот на веќе платениот ДДВ што одговара на донираниот износ.

**Член 6**

(1) Во потврдата за извршената регистрација на проектот од член 3 став 2 точка 3 од овој правилник, се наведуваат следните податоци:

- датумот на договорот за донација;
- името на проектот;
- Вкупната вредност на донацијата;
- давателот на донацијата (донатор);
- името на имплементаторот;
- примателот на донација;
- датумот на договорот за донација;
- датумот на започнување на проектот и
- датумот на завршување на проектот.

(2) Лицето задолжено за спроведување на проектот за секоја измена во врска со проектот треба да го информира Секретаријатот за европски прашања.

**Член 7**

**Влегување во сила**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**МИНИСТЕР,**

**д-р Трајко Славески**

**Бр 10 - 20982/1**
**8. 6. 2007 година**
**С к о п ј е**